АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.04-35/18

04.02.2019 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2018, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно судски референт-дактилограф - 2 извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 01.02.2019 година, на ден 04.02.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место Судски референт-дактилограф - 2 извршители, се избираат кандидатите:

1. **Маргарита Јанкуловска со шифра бр.02181-Д**
2. **Билјана Јанакиева со шифра бр.02182-Д**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

Образложение

Од страна на Апелациониот суд Битола во дневните весници „ Нова Македонија " и ,, Лајме " од 27.12.2018 година, објавен е Јавен оглас бр.2/2018 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното места Судски референт-дактилограф 2-извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 01.02.2019 година.

Со ранг листата за работните места судски референт-дактилограф , Комисијата за избор на судски службеници ги предложи кандидатите Маргарита Јанкуловска и Биљана Јанакиева со освоени најмногу бодови после спроведената постапка, како единствени пријавени кандидати.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-конечна ранг листа од 01.02.2019 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работните места судски реферднт-дактилограф да биде избран кандидатот Маргарита Јанкуловска и Биљана Јанакиева и двете од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраните кандидати и да се објави на интернет страната на судот и на огласна табла

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Илија Николовски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба